ROTARY CLUB
BITOLA

# ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ

## ИЗЛОЖБА
## 50 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО

ЛИКОВЕН САЛОН
МАГАЗА БИТОЛА
ДЕКЕМВРИ 2008





**РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА** има чест и задоволство да ви ја претстави ретроспективната изложба на нашиот еминентен ликовен уметник Панде Петровски по повод 50 годишнината од неговото богато творештво.

Господинот Панде Петровски со оваа продажна изложба го дава својот хуман придонес во добротворната акција на нашиот Клуб со кој се помага на Неонатолошкото одделение при Клиничката болница во Битола. Дел од приходите остварени од изложбата ќе бидат наменети за набавка на мобилен инкубатор за доенчиња-апарат од интерес за здравствената заштита на новородените од целиот регион.

Љубителите на ликовната уметност ќе можат да се запознаат со над педесеттина експонати: цртежи со мотиви од битолската урбана и рурална средина, пастели, дела од циклусот "Пејзажот на микрокосмосот" и одбрани дела во мал формат.

**РОТАРИ КЛУБ БИТОЛА** кој го спонзорира овој настан спроти Св. Никола, ги поздравува и им благодари на сите благородни сограѓани кои, со купување на едно од изложените дела, ќе ја поддржат годинашната хуманитарна активност на Ротари во светски рамки: "ДА НАПРАВИМЕ ЈАВЕ ОД СОНИШТАТА".










































УНИВЕРЗИТЕТ БИТОЛА

















*Хуманоста е дар од Боговите за човекот да биде уште почовечен.*
*Да се дарува е еден од најубавите гестови на внимание.*
*Но во убавите дејности на човекот спаѓа и уметноста.*
*Затоа уметникот е хуманист, а неговата душа е пријателски отворена за срцата на сите луѓе.*

*Панде Петровски*



# ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ

Сликар, афористичар, карикатурист
Илинденска - 7 Битола, Македонија
тел. (047) 225-715, (070) 395-828
e-mail:slobodancobi@hotmail.com

Роден 1939 год. во Брусник- Битола. Завршил ликовна педагогија во Скопје 1963 год. со студиски престој во Италија.
Член на ДЛУМ (Друштво на ликовни уметници на Македонија), ДЛУБ (Друштво на ликовни уметници на Битола) и МНД (Македонско научно друштво).
Има отворено над 20 самостојни, а учествувал на околу 100 групни изложби во Македонија и странтво.
Учествувал и на петнаесет меѓународни ликовни колонии во Македонија, Србија, Албанија и Романија.
Повеке пати е наградувн за афоризам и карикатура, а меѓу наградите за сликарство му се и:
4 Ноември на Општина Битола и
Мајската награда на ДЛУБ.